Врз основа на член 15 став (8) од Законот за земјоделство и рурален развој ("Службен весник на Република Македонија" бр 49 / 10) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК

# ЗА ФОРМА, СОДРЖИНА, ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕДИНСТВЕНИОТ РЕГИСТАР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината, потребната документација и начинот на водење на единствениот регистар на земјоделски стопанства (во понатамошниот текст: регистар).

## Член 2

Регистарот се води во електронска форма.

## Член 3

Регистарот содржи податоци за:

- носителот на земјоделското стопанство;
- полнолетните членови на земјоделското стопанство со заедничко место и адреса на живеење;
- основот за користење на земјоделското земјиште или градежната целина од земјоделското стопанство на која носителот на земјоделското стопанство извршува производствени активности;
- катастарските парцели и катастерските култури на кои се одвива земјоделското производство;
- видот и бројот на добитокот (број на ушна маркица и пчелно семејство);
- сметката на носителот на земјоделското стопанство;
- механизацијата и опремата која ја поседува земјоделското стопанство и
- други податоци предвидени со барањето.

## Член 4

Потребни документи за запишување на земјоделското стопанство во регистарот се:

- доказ за сопственост или располагање со земјоделско земјиште: имотен лист не постар од шест месеци; договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост; договор за закуп на земјоделско земјиште во приватна сопственост со имотен лист на закуподавачот; договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во државна сопственост; договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во приватна сопственост со имотен лист на давателот на плодоуживањето;
- доказ за бројна состојба на добитокот – листа со броеви од пасоши на регистриран и идентификуван добиток или потврда со броеви на пасоши од овластени организации како и потврда од официјален ветеринар за бројот на одгледувани животни или пчелни семејства кои не се евидентирани;
- копија од сметка на носителот на земјоделското стопанство и
- сертификат за органско производство или производство во конверзија за органските производители.

За запишување на печуркарник во регистарот одгледувачот доставува изјава за производство на печурки, вид на печурки, производствен капацитет во метри квадратни и обем на производство.

За запишување на рибник носителот доставува извод од регистарот на одгледувачи на риби.

За запишување на земјоделско стопанство кое се занимава со сточарско производство и не располага со земјоделско земјиште потребно е да достави имотен лист за објектот во кој ја извршува дејноста.

**Член 5**

Носителот на земјоделското стопанство како член на семејно земјоделско стопанство се запишува во регистарот како носител на едно земјоделско стопанство, односно член на едно семејно земјоделско стопанство.

Кон барањето за упис доставува изјава со која се потврдува дека се членови на едно земјоделско стопанство и го назначуваат членот од домаќинството за носител на семејно земјоделско стопанство. Носителот на семејното земјоделско стопанство при уписот на земјоделското стопанство во регистарот поднесува изјава од членовите за согласност за запишување како носител на земјоделското стопанство.

**Член 6**

Уписот во регистарот се врши врз основа на барање.

Барањето за упис во регистарот содржи податоци за:

- носител на семејно земјоделско стопанство;

– членови на семејно земјоделско стопанство;

– седиште на земјоделско стопанство;

– контакт со земјоделското стопанство;

– сметка на земјоделско стопанство;

– овластено лице на други организациони форми на земјоделско стопанство кои не се семејно земјоделско стопанство;

– површини со засеани и засадени земјоделски култури според катастарски парцели и правото на користење на површините во моментот на запишувањето и до крајот на годината и

– број, вид, раса и пол на добиток во моментот на запишувањето и до крајот на годината.

Барањето за упис во регистарот се поднесува во подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во местото на живеење на носителот на семејното земјоделско стопанство независно од местото на извршување на земјоделската дејност.

**Член 7**

Промена на податоците во регистарот се врши врз основа на барање согласно член 6 на овој правилник кое носителот на запишаното земјоделско стопанство треба да го поднесе во рок од 15 дена од денот на настанување на промените.

**Член 8**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за форма, содржина и начин на водење на единствениот регистер на земјоделски стопанства („Службен весник на Република Македонија“ бр 62 / 08 ).

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр 23 – 10922/1
01 април 2011 година

Министер за земјоделство, шумарство
и водостопанство
Љупчо Димовски с.р